Библиотека • „Небесни цветови“
Едиција • „Беседи“
Манастир „Св. Атанасиј Велики“
Журче – Демир Хисар
2017

# MONASTERY
# SAINT JOHN THE BAPTIST
# SLEPCHE

## SPIRITUAL, LITERARY AND ARTISTIC CENTRE

PROCEEDINGS OF THE
INTERNATIONAL SCIENTIFIC SYMPOSIUM
DEMIR HISAR, 6 JULY 2015

EDITOR
Dr. SAŠO CVETKOVSKI

Monastery Saint Athanasius of Alexandria
Zurche – Demir Hisar
2017

# МАНАСТИР
# СВЕТИ ЈОВАН КРСТИТЕЛ
# СЛЕПЧЕ

## ДУХОВЕН, КНИЖЕВЕН И УМЕТНИЧКИ ЦЕНТАР

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД
## МЕЃУНАРОДНИОТ НАУЧЕН СИМПОЗИУМ
## ДЕМИР ХИСАР, 6 ЈУЛИ 2015


УРЕДНИК
Д-р САШО ЦВЕТКОВСКИ



Манастир „Свети Атанасиј Велики“
Журче – Демир Хисар
2017

Со благослов на Неговото Високопреосвештенство
Митрополит Преспанско-пелагониски и
администратор Австралиско-новозелантски
Господин Петар

**Издавач**
Манастир „Свети Атанасиј Велики“
Журче – Демир Хисар, 2017

**Рецензент**
академик Цветан Грозданов

**Уредник**
д-р Сашо Цветковски

**Технички уредник**
м-р Виктор Недески

**Лектура**
Александра Лазаревска

**Корица**
Благоја Шундовски

# СОДРЖИНА

*Митрополит Петар*
**ПРЕДГОВОР ........ 7**

**ПОЗДРАВНИ ОБРАЌАЊА ........ 9**

***Љупчо Блажески, градоначалник на Демир Хисар* ........ 11**

***Академик Владо Камбовски, претседател на МАНУ* ........ 13**

***Академик Цветан Грозданов* ........ 16**

**НАУЧНИ ПРИЛОЗИ ........ 19**

*Протоѓакон Ратомир Грозданоски*
**СВЕТИ ЈОВАН ПРЕТЕЧА – ЕГЗЕГЕЗА НА НЕГОВИОТ ПОВИК ЗА ПОКАЈАНИЕ ........ 21**

*Цветан Грозданов*
**ЗА ГРАДИТЕЛСКИТЕ И ЗОГРАФСКИТЕ ПОТФАТИ ВО МАНАСТИРСКАТА ЦРКВА СВ. ЈОВАН ПРЕТЕЧА (ПРОДРОМ) ВО СЛЕПЧЕ, ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК ........ 37**

*Ѓакон Дејан Борисов*
**ИСТОРИОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ ЗА МАНАСТИРОТ СЛЕПЧЕ (XIV-XXI век) ........ 52**

*Иванка Гергова*
**КЪСНАТА ИСТОРИЯ НА СЛЕПЧЕНСКИЯ МАНАСТИР „СВ. ЙОАН ПРЕДТЕЧА“ СПОРЕД НЕГОВИТЕ ПОМЕНИЦИ ........ 66**

*Ѓорѓи Поп-Атанасов*
**СЛЕПЧЕНСКАТА РАКОПИСНА ЗБИРКА ........ 74**

*Виктор Недески*
**СВЕТИ КИПРИЈАН СЛЕПЧЕНСКИ – ЕДЕН НЕПОЗНАТ НОВОМАЧЕНИК ........ 90**

*Елизабе̄та Каса̄пова*
**АРХИТЕКТОНСКИТЕ ОСОБЕНОСТИ НА МАНАСТИРСКАТА ЦРКВА „СВ. ЈОВАН ПРЕТЕЧА“, СЛЕПЧЕ ........................................................ 101**

*Miljana M. Matić*
**VIEW OF THE ICON PAINTING OF THE PEĆ PATRIARCHATE. IN THE SEARCH OF CHRONOLOGICAL, ICONOGRAPHIC AND STYLISTIC PARALLELS TO ICONS FROM MONASTERY SLEPČE.......................... 135**

*Сашо Цве̄тковски*
**ЖИВОПИСОТ ВО МАНАСТИРОТ СЛЕПЧЕ ОД ВРЕМЕТО НА XIX ВЕК ............................................................................................ 149**

*Ан̄гелина По̄повска*
**КОНЗАРВАТОРСКИ ЗАПИСИ ЗА ТРИ ИКОНИ ОД МАНАСТИРОТ СЛЕПЧЕ ........................................................................ 181**

*Све̄тозар Ан̄гелов, Калина Минчева*
**МАНАСТИРИТЕ В ДЕМИРХИСАРСКО ПО ДАННИ ОТ ФОТОАРХИВА НА ПРОФ. АСЕН ВАСИЛИЕВ........................................ 195**

*Мария Полимирова*
**КРУШЕВО, ПРИЛЕП И ТРЕСКАВЕЦ, ОТРАЗЕНИ ВЪВ ФОТОАРХИВА НА ПРОФ. АСЕН ВАСИЛЕВ, СЪХРАНЯВАН В ЦСВП „ПРОФ. ИВАН ДУЙЧЕВ“ ................................................................... 217**

УДК: 271.2-36Кипријан Слепченски,св.

*Виктор Недески*

# СВЕТИ КИПРИЈАН СЛЕПЧЕНСКИ – ЕДЕН НЕПОЗНАТ НОВОМАЧЕНИК

Слепченскиот манастир посветен на славниот Претеча во својата десетвековна историја дал многумина истакнати црноризци, кои несебично се вградувале во евангелската и просветната мисија на овој стожер на словенската црковна традиција на славната Охридска архиепископија. Повеќето од нив се истакнале во препишувачката и преведувачката дејност оставајќи зад себе богато книжевно наследство. Така, овој манастир останува запомнет како еден од најавтентичните продолжувачи на делото на славните св. Климент и Наум. Особено, пак, процветал во времето на големата агарјанска наезда, кога паството на Архиепископијата го понело тешкиот јарем на иноверното османлиско ропство.

Научниот интерес за Слепченската обител до сега главно беше насочен на нејзината книжевна дејност, но овој манастир крие и една друга димензија која секако е и примарна димензија на секој манастир. Станува збор за монашкиот живот во него и светоста, која е главна цел на секој христијанин, а особено на монахот, кој напуштајќи ги житејските грижи се стреми единствено да Му угоди на Бога – неговиот небесен Младоженец. Несомнено многумина со својот подвиг во Слепче Му угодиле на Бога, живеејќи го маченииштвото на совеста[1] и исполнувајќи ги монашките завети.

Но, маргините на едно Слепченско четвороевангелие[2] од 1548 г. сочувале сведоштво за еден храбар возглавител на Слепченската обител, кој се удостоил со двоен венец од Бога – преподобен и маченички. Станува збор за игуменот Кипријан, кој духовно го раководел братството на Претечевата обител сè до

[1] Монаштвото во светоотечката литература се нарекува уште и „мачеништво на совеста“. Види: Свети Јован Дамаскин, *Точно изложување на православната вера*, Скопје 2005, 194 (PG 94, 1168); Свети Јован Златоуст, *Εις Ψαλμ. 95*, 6 PG 55,627; Свети Максим Исповедник, *Επιστολή 14*, PG 91,544B.
[2] Автор на ова четвороевангелие е монахот Висарион Дебарски – види сл. 2.

Пасха во 1780 г., кога духовно совоскреснал заедно со Христа и се вброил во хорот на новомачениците.[3]

### *Извори за живошош и маченишшвошо*

За првпат игуменот Кипријан се споменува во еден запис кој самиот го направил[4] во 1751 г. во едно Слепченско четвороевангелие (сл. 1). Тука не станува збор за четвороевангелието на Висарион Дебарски во кое е забележано мачеништвото (сл.2), туку за постаро евангелие од XV век. Овој запис зборува за две воденици кои ги изградил еромонахот Кипријан на приватен имот на извесни Беле и Неделко, при што било договорено едната да биде за сопствениците на местото, а другата за Слепченскиот манастир.[5] Овој запис всушност претставува договор помеѓу двете страни. Иако со сигурност не може да се тврди дека станува збор за истиот Кипријан, сепак мала е веројатноста да постоеле еден по друг двајца старешини со исто име.

Вториот познат запис во кој се среќава игуменот Кипријан е направен 29 години по првиот и е всушност единственото старо и автентично сведоштво за неговата маченичка смрт. Станува збор за запис на првата страница од Слепченското четвороевангелие напишано од познатиот слепченски монах и книжевник Висарион Дебарски во 1548 г. Под записот се наоѓа и сигнатурата „монах Неделко Петре“, што најверојатно е името на авторот на записот. Ова е уште еден факт кој наведува на поистоветување на личностите од двата записа, а Неделко, кој сега се јавува како „монах“ не е исклучено да бил и соработникот од првиот запис.

Праксата на запишување на значајни настани во ваквите богослужбени евангелија е многу честа, особено во периодот на османлиското владеење. Така,

---

[3] Иако терминот „новомаченици“ за првпат се користи за маченците од иконоборството, за да се направи разлика помеѓу нив и маченците од првите векови, современата хагиологија го користи за маченците во периодот од падот на Константинопол до денес. (Δ. Τσάμη, *Αγιολογία της Ορθόδοξης Εκκλησίας*, Θεσσαλονίκη 2010, 108).

[4] Снегаров врз основа на овој запис го споменува монахот Кипријан како познавач на словенското писмо. (И. Снегаров, *Исшорија на Охридскаша архиейискойија,* София 1995[2], т. II, 286).

[5] Записот е следниот: „Да знае секој христијански брат како направи еромонах Кипријан воденици спроти Градиште, на реката што иде откај Обедник. Беле и Неделко го дадоа местото. Кипријан даде манастирски пари, да направи две окна: едното окно за црквата Св. Јоан, а другото - за Беле и Неделко. И нека се знае кое окно на кого е. Откај реката е манастирско, а откај патот е Белево и Неделково. Сведоци: Мула Хасан Небиониќ и брат му Абдула - Спахија и Али - Спахија, Бектешов син и Муто Ќехаја. И други сведоци: Слепчани и Градиштани - мали и големи. И друго да напишеме да се знае: кој ќе се одречи од дадениот збор, да биде клет и проклет од 318 богоносни отци и од Господа Бога Седржителот и од Св. Јоан и од светото евангелие и да биде почитуван како што се почитува Јуда и да биде сличен на Датан и Авирон, амин. Да се знае, исто така, колку трошок се направи околу воденицата - 200 гроша готови пари и пиење и јадење одделно“.

овој запис е трет познат од овој тип на територијата на Р. Македонија кој сведочи за страдањето на некој нов маченик. Од останатите два записа најстар е записот направен во *Пролог* на црквата Богородица Перивлепта во Охрид од втората половина на XVI век[6] којшто сведочи за страдањето на Варлаам, архиепископот Охридски во 1598 г. во градот Велес. Записот, пак, од Пречиста Кичевска е откриен на додатен лист залепен на задниот капак на книгата *Сочинения Святого Димитрия, митрополита Ростовского* Т. I-III, издание од 1857 г., кој е препис на постар запис од Благовештенскиот акатист, како што сведочи препишувачот. Овој запис сведочи за страдањето на тројцата монаси Пајсиј, Евнувиј и Аверкиј во 1558 г.[7]

Записот од Слепченското четвороевангелие е публикуван во 1933 г. во книгата *Македонские кодики XVI-XVIII века*, на Селиштев,[8] а подоцна во 1975 г. во книгата *Записи и летописи* на Радмила Угринова-Скаловска,[9] но, при тоа не му е посветено особено значење. Друг пат во науката се споменува во 1987 г. во статијата на Димитар Костов на еден научен симпозиум во Велико Трново.[10] Подоцна е публикуван во книгата *Стари записи* од академик Ѓорги Поп-Атанасов, во 1996 г., за на крај, во 2004 г. бугарската монахиња Валентина Друмева врз основа на овој запис да изгради житиен текст за страдањето на свети Кипријан Слепченски.[11]

## *Страдањето на свети Кипријан*

Записот од Слепченското четвороевангелие може да се подели на два дела и тоа: првиот дел е оној во кој авторот зборува за економската состојба во таа 1780 г., при што забележува: „На 1780, сего ле[то] се стори скапија, пченицата помина килото дванаисет гроша и хрштa помина килото осом гроша и крамата за имајнето се стори скапа сеното помина по три пари оката“.

Вториот дел од записот е токму оној во кој се содржи сведоштвото за големиот пустош на манастирот од страна на група арамии. Меѓутоа уште на почетокот се забележува извесна грешка во одредувањето на денот во кој се случил овој грабеж. Така, авторот запишал: „И сего лето на 1780, месеца априлија, 16 ден на Велики четврток на вечерта влегоа харамии“. Проблемот е во

[6] Види: Й. Иванов, *Български старини из Македония,* София 1908, 216

[7] За пречистанските маченици види: *Свети Пречистански преподобномаченици*, Охрид 2012.

[8] А. М. Селищев, *Македонские кодики XVI-XVIII века,* София 1933, 56.

[9] Р. Угринова-Скаловска, *Записи и летописи*, Скопје 1975, 129.

[10] Д. Костов, „Турските насилия отразени в преписки на старобългарски книжовници“, *Турските завоевания и сдбата на балканските народи, изразени в исторически и литературни паметници от XIV – XVIII в.*, Велико Трново 1992.

[11] В. Друмева, *Разкази за българските светии и за светиите, свързани с България*, т. II, Славянобългарски манастир „Св. вмчк Георги Зограф“, Света Гора Атон 2004, 451-453.

тоа што во 1780 г. Велики четврток бил на 14 април, а не на 16-ти – датум што се поклопува со навечерието на Воскресението Христово. Колебливоста во одредувањето на датумот се забележува и на самиот запис, кадешто датумот 16-ти (SІ') е даден како корекција на првичниот запис, кој не е исклучено да бил токму правилниот – 14-ти (δІ').

Што се однесува на „арамиите“ авторот посочува дека манастирот го нападнале „Турци Колунци“. Тука станува збор за албанци муслимани од Колун (Колонија), јужно од Корча.[12] Како што сведочи записот, игуменот Кипријан бил заробен, а крадците од него побарале пари.[13] Откако бил мачен со горење, игуменот бил оставен полумртов, а манастирот бил ограбен. Покрај сребрениот кивот со свети мошти, чија вредност авторот на текстот ја одредува на сто и дваесет гроша, од манастирот биле однесени и три коњи натоварени со бакар и облека, и сѐ останато што имало некаква вредност.[14]

Игуменот Кипријан поживеал сѐ до светлото Воскресение Христово, кога се упокоил заради повредите и горењето нанесени од напаѓачите. Така, судејќи според ова сведоштво игуменот Кипријан Слепченски се упокоил на 17 април 1780 г., по свирепото мачење од страна на колунските разбојници. Со овој чин игуменот Кипријан, подражавајќи ја Христовата жртва за Црквата, пострадал жртвувајќи се за доверената му обител и братството.

## *Прославувањето на свети Кипријан*

Имајќи го предвид маченичкото скончание на игуменот Кипријан, природно се појавуваат прашањата:

*1. Зошто за разлика од некои други познати новомаченици од Македонија, како што се свети Георгиј Кратовски или света Злата Megленска, игуменот Кипријан останал анонимен во црковните кругови и не е официјално вброен во диптихот на светиите?*

Што се однесува на ова прашање не смее да се занемари фактот дека прославувањето на мачениците воопшто, било мошне специфична и деликатна пракса во империјата заснована на шеријатското право, имајќи предвид дека сите новомаченици пострадале од раката на иноверните муслимани, кои секако биле во надредена положба во однос на христијаните.[15] Така, праксата на какво

[12] Угринова-Скаловска, *op. cit.*, 129.

[13] Во записот стои „аспри“ - ситни сребрени пари, а како термин може да означува и само пари.

[14] „...и зедоа арамиите од манастирот свети мошти сосем кутија сребрена, кутијата чинеше сто и дваесет гроша. И зедоа три којни и товариа бакар и руба и се што најдоа во црквата отнесоа“.

[15] Според Abu Musa, Мухамед учел дека секој муслиман кој ќе испрати еден христијанин или јудеец во пеколот, ќе биде спасен. Види: Гр. Ζιάκα, *Η περί εσχάτων διδασκαλία του Ισλάμ*, ΕΕΘΣΠΘ 20, Θεσσαλονίκη 1976, 386-387.

било официјално прославување на новомачениците можела да има трагичен крај.

Уште еден значаен настан во случајот со игуменот Кипријан е укинувањето на Охридската архиепископија коешто се случило само 13 години пред неговото маченичкото страдање. По овој настан црковниот живот во Македонија доживува извесна криза која се одразува во сите црковни и општествени сфери. Во однос на новомачениците, важно е да се каже дека до нас не дошла ниту една збирка на житија на новомаченици од Охридската архиепископија, доколку таква воопшто постоела.

Од друга страна, во овие тешки периоди како вистински стожер на Православието на Балканот се истакнува Света Гора Атонска, која имајќи извесна самоуправа, успеала да даде свој придонес и во однос на прашањето за прославување на новомачениците. Особен придонес во оваа насока дало таканареченото движење на монасите Коливари, кои се истакнале и во многу други црковни сфери. Плод на нивната активност се повеќе мартирологии – збирки со житија на новномаченици,[16] од кои најзначајни се *Новиот марти-рологион* на светите Никодим Светогорец и Макариј Нотарас, како и збирките на папа Јона Кавсокаливит и на ксиропотамскиот монах Кесариј Дапонде.[17] Токму во *Новиот мартирологион* се среќаваат и житијата на тројцата најпознати новомаченици од Македонија: свети Георгиј Кратовски, свети Спасо Радовишки и света Злата Мегленска – маченици, за чиешто страдање веста побрзо се раширила на Атонската гора. Присуството на нивните житија во оваа збирка[18] е уште еден фактор за распространетоста на нивниот култ во споредба со култот на останатите новомаченици во кои спаѓа и свети Кипријан.

*2. Што треба да се направи денес за негово прославување?*

Имајќи го предвид погоре кажаното, несомнено е дека тоа што со Божја промисла записот за маченииштвото на игуменот Кипријан дошол до нас, ни дава можност денес тој и официјално да биде прославен од земната Црква, бидејќи според учењето на Православната Црква тој е прославен на небесата уште со самото маченииштво.

Во првите векови прославувањето на светителите бил спонтан процес кој бил заснован на култот на одредена личност во народот на локално ниво, а култот на некои светители постепено растел и на вселенско ниво. Подоцна, во

[16] Повеќе за химнографското и хагиографското творештво на Коливарите види во: Σ. Πασχαλίδης, *Το υμναγιολογικό έργο των Κολλυβάδων*, Θεσσαλονίκη 2007.
[17] Σ. Πασχαλίδης, *Η αυτόγραφη νεομαρτυρολογική Συλλογή του μοναχού Καισαρίου Δαπόντε (1713-1784)*, Θεσσαλονίκη 2012.
[18] Види: Νικόδημου Αγιορείτη, *Νέον Μαρτυρολόγιον*, Βενετία 1799, 5; 261; 318.

одредени случаи Црквата покренувала и официјални постапки за прославување на одредена личност како света.[19]

Што се однесува, пак, на новомачениците, Црквата се огледала на ранохристијанската пракса и прославувањето на првите Христови маченици. Така маченичката смрт за верата била главниот критериум кој водел кон спонтан култ во народот, кој секако, често бил поттикнуван од светогорското монаштво, како што и споменавме.

Во овој контекст ценам за важно да се спомене еден богослужбен чин кој е поместен во *Новиот лимонариј*[20] издаден во 1819 г. во Венеција, а е химнографска творба на монахот – коливар, свети Никифор Хиоски. Станува збор за посебен *Чин на погребение на новомаченик*, кој всушност претставува истовремено и „канонизација“ на новопостраданиот. Стихирите на оваа богослужба не просат упокојување на душата на преминатиот, туку го опеваат нејзиното прославување на небесата.

Денес, пак, следејќи го моделот на прославувањето на другите новомаченици, прославени врз основа на слични записи, може да се направи и официјално прославување на свештеномаченикот, со цел со неговиот спомен да се запознаат и православните паства и да се даде официјален благослов за просење на неговото молитвено застапништво пред Бога.[21]

---

[19] Митрополит Тимотеј, „Кратка историја – Процес за канонизирање на Божји угодници во православната Црква“, *Светиклиментово слово*, Охрид 2013, 30-41.

[20] *Νέον Λειμωνάριον*, Βενετία 1819, 7-12.

[21] Во меѓувреме на 30 април 2017 г. новомаченикот Кипријан Слепченски беше официјално впишан во диптихот на светиите на Македонскат православна црква – Охридска архиепископија.

*Viktor Nedeski*

## SAINT CYPRIAN OF SLEPCHE – ONE UNKNOWN NEWMARTYR
(Summary)

The emphasis in the scientific research of the Monastery of Slepche until now was put on its cultural, educational and literary activities. This scientific essay treats the spiritual dimension, i.e the holiness in the monastery Slepche. Undoubtedly in this monastery many monks pleased God with their deeds. But one of them had stand out through the practice of martyrdom, and that is the abbot Cyprian who lived in the second half of the XVIII century.

We receive information about the character of the abbot-martyr Cyprian from two authentic inscriptions of his time written on two Tetraevangelion from Slepche. The abbot Cyprian is mentioned for the first time in one inscription written by himself in 1751 (Fig.1) in Gospel from XV century. This inscription gives information about two mills that were built by the hieromonk Cyprian on a private property belonging to some Bele and Nedelko, whereupon was agreed that one of the two mills will be for the owners and the other one for the Slepche monastery.

The second known inscription in which is mentioned the abbot Cyprian was made 29 years after the first and is actually the only old and authentic witness of his martyrdom. It is an inscription written by some monk colled Nedelko Petre on the first page of the Slepche's Tetraevangelion written by a famous monk and writer from the Slepche monastery Vissarion of Debar in 1548. The second part from the inscription is exactly that which contains the testimony about the great wilderness of the monastery by a group of robbers - Albanian Muslims from Kolun, east of Korca. As the inscription witnesses the abbot Cyprian was captured and the thieves asked him money. After being tortured with burning, the abbot was left half dead, and the monastery was robbed. Besides the silver reliquary with holy relics, whose value the author of the text determines to hundred and twenty pennies, from the monastery were taken three horses laden with copper and clothing, and everything else that had any value.

The abbot Cyprian survived until the Glorious Resurrection of Christ, when he passed away due to injuries and burnings caused by the robbers. Thus, according

to this testimony the abbot Cyprian of Slepche has passed away on April 17, 1780, after the brutal torture by the robbers of Kolun. With this act the abbot Cyprian, imitating the sacrifice of Jesus for the Church, suffered the sacrifice for his trusted brotherhood and fraternity.

The conditions of slavery and the abolition of the autocephalous Archbishopric of Ohrid were the main obstacles to the inability to spread the cult of the abbot Cyprian. However, his martyrdom was not observed in any known martyrologion from that time, something that has isolated further his image.

Today, following the model of the celebration of other newmartyrs, glorified on the basis of similar inscriptions, an official celebration of the Hieromartyr Cyprian can be made.



Сл. 1. Записот од Слепченското четвороевангелие направен во 1751г., од страна на игуменот Кипријан



Сл. 2. Записот од Слепченското (Висарионово) четвороевангелие направен во 1780 г., кој сведочи за страдањето на свети Кипријан Слепченски




Сл. 3. Икона на свети Кипријан Слепченски изработена во ателјето на Слепченското сестринство